РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-2862/2

25-11-2020 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 41-тата седница, одржана на ден 11.11.2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2862/1 од 28.05.2019 година, доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Државната комисија во повеќе предмети постапуваше со наводи за непотизам и клиентелизам при вработувања во АД -------, за што донесе одлуки број 09-606/10 од 21.05.2020 година и бр. 09-2674/2 од 12.08.2020 година што имаа за ефект разрешување на одговорното лице на АД -------------. Од причина што поднесената пријава се однесува за исти наводи кон истото лице како и поради променетата фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупција нема основи за преземање на процесни дејствија по оваа пријава.

Предметот со број 09-2862/1 од 28.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-2862/1 од 28.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Наводите во пријавата се однесуваат за вработување на референт за електронска обработка на фактури во АД ------, извршено по Јавен оглас бр. ----------/1 од 01.02.2019 година по што вработено е лице со Филозофски факултет, на работно место административен техничар примен е кандидат со средно образование, ---------,

син на заменик шеф на кабинет на Претседател на Влада, ------------, понатаму на работно место Инженер за примена на нови технологии примен е кандидат со високо образование – -----------, син на пратеничката -------------. Во пријавата има наводи дека исто така по друг Оглас, за кои немаат доставено податоци примена е -------------, ќерката на советник на Генералниот директорот на -----------.

По разгледување на пријавата, констатирано е дека Државната комисија веќе постапуваше по горе наведените наводи. Имено, по предметот бр. 09-606/1 од 19.02.2019 година, Државната комисија констатираше дека од страна на ------------, генерален директор на АД ---------- е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на неговите дискрециони овластувања, одлуката за избор на ----------- не ја донел совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај и постапил спротивно на член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради наведените причини, Државната комисија до Надзорниот одбор на АД ----------, достави Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице -----------, генерален директор на АД ---------- со бр. 09-606/5 од 17.05.2019 година.

По однос на поднесената Иницијатива, Надзорниот одбор на АД ------------- достави одговор со бр. 09-606/7 од 16.07.2019 година дека не постојат фактички и законски услови за утврдување на одговорност на генералниот директор на АД ------, односно истиот постапувал во рамките на неговите статутарни и законски овластувања.

Но и покрај тоа, од страна на Владата на РСМ лицето -----------, е разрешен од функцијата генерален директор на АД ------------ на ден 22.07.2019 година.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, Државната комисија констатираше дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице ---------------, нема законски основ за понатамошно преземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Понатаму, во предмет со број 09-2071/1 од 28.03.2019 година, Државната комисија постапуваше по наводи за постоење судир на интереси за лицето -------------, во постапка за вработување во АД -----------, - ќерка на ------------, советник на Генерален директор на АД „---------------. На седницата одржана на ден 18.05.2020, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите во пријавата, бидејќи лицето ----------, ќерка на -------------, советник на Генерален директор на АД -------- е

вработена на работно место Одговорен референт за финансиски прашања, отворено по Јавен оглас бр.------------- од 18.12.2018 и истата била единствен кандидат. Имено, по конкретниот предмет, Државната комисија утврди дека за работно место Одговорен референт за финансиски прашања не е наменски креирано непосредно пред вработувањето на споменатото лице, односно било предвидено во Систематизацијата на работни места на АД ---------- и за истото работно место се планирани и обезбедени финансиски средства согласно Финансискиот план од 2018 година. За истото работно место се пријавил само еден кандидат, односно лицето ------------- која ги има исполнето сите услови кои се предвидени во Јавниот оглас.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Софка Пејовска Дојчиновска

По заклучок на ДКСК
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: К.Н – член на ДКСК